# Општините и граѓаните: Заедно кон подобар буџет



**Концептот на партиципативно буџетирање прв пат се воведува во 2006 година, како пилот проект на швајцарската развојна агенција. Потоа, се вклучуваат повеќе општини, меѓу кои и општините Кавадарци, Крива Паланка и Ѓорче Петров. Но, со завршување на проектот, само мал број општини продолжуваат да организираат средби со локалното население во насока на креирање буџет согласно локалните потреби. Затоа, во октомври-ноември 2018 година, организиравме средби помеѓу локалните власти и граѓаните во три пилот општини, Кавадарци, Крива Паланка и Ѓорче Петров, со цел размена на идеи и предлози за проекти што ќе го подобрат животот на локалното население. Речиси половина од предложените проекти на овие средби, добија свое место во општинските буџети, а дел од нив се веќе целосно реализирани.**

## Бриф за политиките бр. 36

**Овој бриф им препорачува на локалните власти имплементација на процесот на партиципативно буџетирање со цел изготување на општински буџет што најмногу одговара на локалните барања и потреби. Само на тој начин, ќе се зголеми транспарентноста на општината и ќе се подобрат општинските услуги што ги добиваат граѓаните.**

## ВОВЕД

Граѓанското учество претставува вклучување на граѓаните, жителите на заедницата, во процесот на донесување одлуки кои директно или индиректно влијаат врз нивниот заеднички живот. За оние кои обично носат одлуки, вклучувањето на граѓаните овозможува обезбедување широка поддршка за идеи и решенија што ги предлагаат. За граѓаните, учеството подразбира влијание врз одлуките. Преку ова, се градат мостови на соработка помеѓу локалната самоуправа и локалните засегнати страни. Овие мостови ја зголемуваат транспарентноста, и што е најважно, ги подобруваат општинските услуги што ги добиваат граѓаните.

Партиципативното буџетирање е само една нишка во целиот процес на граѓанско учество. Тоа е процес на буџетирање во кој оние граѓаните се активно вклучени во процесот на креирање на буџетот. Тоа ги вклучува жителите и граѓанските здруженија, каде на ‘иста маса’ со локалната самоуправа разговараат за приоритетите за трошење, предлози за трошење на општинските пари, како и давање на локалните жители улога во надзорот и следењето на процесот.

Речиси цело искуство со локалното партиципативно буџетирање во Северна Македонија се потпира на програмата „Форуми во заедницата“, што започна во текот на 2006 година од страна на Швајцарската Агенција

за развој и соработка, веднаш по започнувањето на првата фаза од процесот на децентрализација. „Форумите во заедницата“ е алатка за активно вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки на општинско ниво, проект со времен карактер. По негово завршување, само мал број општини продолжија да организираат средби со граѓаните, со цел взаемна дискусија за општинскиот буџет, најчесто наречени Граѓански парламент, Граѓански собир, Јавни трибини и слично.

Со цел поттикнување на ваквите настани, во периодот октомври-ноември 2018 година организиравме Граѓански средби (Town-Hall Meetings) во општините Кавадарци, Крива Паланка и Ѓорче Петров, каде учествуваа градоначалниците и други претставници на локалните самоуправи и жителите на општините. Со оглед на тоа што сите три општини се релативно мали, со жители со слични интереси, ваквиот настан беше соодветен за прибирање предлози и идеи за подобрување на животот во општините.



## МЕТОДОЛОГИЈА

За да се истражи успехот на организираните настани за партиципативно буџетирање во Кавадарци, Крива Паланка и Ѓорче Петров, користена е следната методологија:

1. За време на настаните беше дисеминиран *структуиран прашалник* до присутните лица, со цел да се оцени нивното познавање на општинскиот буџет и начинот на изготвување, претходно учество на настан за презентација на општинскиот буџет и/или настан за партиципативно буџетирање, и искуство во имплементација на проекти предложени од граѓаните на општината. Дополнително, секој испитаник достави по три предлози за проекти што треба да бидат имплементирани со средства од буџетот на својата општина.

2. Во втората фаза, беше направена *документациска анализа* на буџетите за 2019 година, на трите општини од интерес, со цел да се испита дали за предложените проекти биле одвоени буџетски средства и дали истите се реализирале.

## РЕЗУЛТАТИ

### Општина Кавадарци

На средбата помеѓу локалните власти и жителите на Кавадарци присуствуваа 29 лица, најголем број мажи на возраст 25 – 34 години, со високо образование. 80% од присутните лица беа запознаени со буџетот на општина Кавадарци, но само половина знаат дека и претходно, општината организирала вакви средби за дискусија каде имале можност да дадат свои идеи и предлози за трошење на буџетските средства.

**Демографски карактеристики**




Најголем дел од предлозите и идеите дадени од страна на жителите на Кавадарци беа во делот на капитални инвестиции, и тоа изградба на нова градинка, затворен базен, кружен тек, воведување термоизолациони системи во училиштата, гасификација, обнова на спортските објекти, и урбанизација на руралните средини во општината. Од вкупно 12 предложени капитални проекти, за пет проекти беа издвоени пари во буџетот за 2019 година, а дел од нив веќе се во фаза на реализација. Сите пет проекти, се однесуваат на проекти што се изведуваат во градот, а за предлозите за подобрување на условите во руралните средини не се издвоени финансиски средства. Дополнително, присутните побараа буџетски пари за подигнување на јавната свест за екологија, за брачни односи, едукација и финансирање на локалните граѓански здруженија. Во буџетот, издвоени се милион денари за финансирање на локалните невладини организации.

Со ова, речиси 176 милиони денари се издвоени од буџетот на општина Кавадарци, за реализација на проектите предложени на оваа средба.

**Слика 1. Предложени и реализирани/во фаза на реализација проекти**

| |
|---|
| Гасификација: Отпочната процедура за формирање на Јавно претпријатие Гас Кавадарци |
| Изградба на градинка: 20.252.348 денари |
| Воведување термоизолациони системи во училиштата: 5.135.339 денари |
| Обнова на спортски објекти: 5.999.238 денари |
| Подобрување на комуналната инфраструктура со пари од КФ Банк Германија за обнова на цела комунална инфраструктура: 13.000.000 денари |
| Видео надзор на повеќе сообраќајници: 4.244.029 денари |

### Општина Ѓорче Петров

На средбата помеѓу локалните власти и жителите на општина Ѓорче Петров присуствуваа 31 лице, најголем број жени на возраст 35 - 44 години, со високо образование. И во оваа општина, 80% од присутните лица беа запознаени со локалниот буџет, но само половина знаат дека и претходно, општината организирала вакви средби за дискусија каде имале можност да дадат свои идеи и предлози за трошење на буџетските средства.




На оваа средба беа дадени бројни предлози и идеи, но најголем дел од нив се под надлежност на Град Скопје, а не на Општина Ѓорче Петров, па така предлозите за изградба на тротоар покрај основно училиште, мерки за отстранување на кучиња-скитници, измена на автобуски траси, поставување семафори и слично, не можат да бидат финансирани од општинскиот буџет. За останатите предлози за кои Општината има надлежност, реконструкција или асфалтирање на улици, изградба на игралишта, пешачка патека, фекална и атмосферска канализација и слично, издвоени се 16,5 милиони денари.

**Слика 2. Предложени и реализирани/во фаза на реализација проекти**

| |
|---|
| Изградба на пешачка зона – старо корзо: 5.400.000 денари |
| Изградба на атмосферска канализација на улица Црногорска: 9.899.000 денари |
| Изградба на мали улички: 1.200.000 денари |

### Општина Крива Паланка

На средбата помеѓу локалните власти и жителите на општина Крива Паланка присуствуваа 32 лица, најголем број постари од 45 години, со високо образование. 70% од присутните лица беа запознаени со локалниот буџет, а сите знаат дека и претходно, општината организирала вакви средби за дискусија каде имале можност да дадат свои идеи и предлози за трошење на буџетските средства.




Присутните на средбата во оваа општина, имаа најголем број на предлози за финансирање во споредба со останатите две општини. Предлозите беа насочени кон изградба на затворен базен, велосипедска патека, игралишта, младински центар, колектор за отпадни води, дом за стари лица, пречистителна станица и слично. Но, поради ограничениот буџет на општината, а пред се ограничениот буџет за капитални инвестиции што во 2019 изнесува 38 милиони денари, од страна на општината беа прифатени и веќе се во фаза на реализација проекти во износ од 11.2 милиони денари.

**Слика 3. Предложени и реализирани/во фаза на реализација проекти**

| |
|---|
| Тампонирање на неасфалтирани патишта: 2.500.000 денари |
| Уредување на паркинг простор: 1.000.000 денари |
| Решавање на уличното осветлување: 2.300.000 денари |
| Изградба на канализација и водовод: 1.500.000 денари |
| Доизградба на Скрљавски Дом: 1.400.000 денари |
| Изградба на спортско-рекреативни игралишта: 2.500.000 денари |

Општината веќе има предложено неколку проекти за кои бара финансиски средства од меѓународни донатори, за изградба на Дом за стари лица, нов плоштад или реконструкција на стариот и уредување на коритата на Крива Река. Изградбата на капела на градски гробишта е во тек со средствата од ЈП Комуналец.



## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Несомнено, организираните средби помеѓу локалните власти и жителите им овозможија на граѓаните да дадат придонес во креирањето на буџетот преку покренување предлози за тоа како да се зголемат приходите на Општината и каде да ги распределат трошоците согласно нивните потреби и приоритети. Ова е најдобрата можност општината да покаже високо ниво на транспарентност и одговорност пред граѓаните, затоа што за време на средбите граѓаните го разгледуваат буџетот на општината, со конкретни бројки и активности. Ова беше одлична можност општината да го подготви буџетот според потребите на граѓаните. Тоа го докажа и износот на средства издвоен од општинските буџети за финансирање на предлозите на локалното население, дадени за време на овие средби.

Општина Кавадарци со издвојување на 176 милиони денари за финансирање на предлозите од присутните на средбата го задоволуваа критериумот за 10% од буџетот да биде алоциран преку партиципативо буџетирање. Но, сите средства беа наменети за проекти што (ќе) се реализираат во градското подрачје, а нема издвоено пари за предлозите за проекти во руралните средини. Тоа алармира дека во иднина, треба да се зема во предвид цела територија над која има ингеренции Општина Кавадарци, вклучувајки ги и урбаните и руралните средини.

Крива Паланка исто така е позитивен пример за партиципативно буџетирање, но поради ограничениот буџет за капитални инвестиции, од само 38 милиони денари, општината успеа да започне со реализација на само пет проекти, во вкупен износ од 11.2 милиони денари. Ако се гледа како учество во вкупниот општински буџет, тогаш издвоениот износ е многу мал и изнесува околу 3%, но во вкупно планираните капитални инвестиции, проектите прифатени за време на средбата учествуваат со речиси 12%. Секако, вредни за напомена се заложбите на локалните власти да најдат финансиски средства од меѓународни донатори, за реализација и на другите предложени проекти, пред се за изградба на Дом за стари лица, нов плоштад и уредување на коритата на градската река.

И Општина Ѓорче Петров издвои 16.5 милиони денари за финансирање на три предлози дадени за време на средбата, но со оглед на тоа што буџетот на оваа општина не е јавно достапен, не можеме со сигурност да утврдиме колку овие издвоени средства учествуваат во вкупниот буџет. Затоа, во прва линија, Општина Ѓорче Петров треба да ја испочитува законската обврска за јавно објавување на буџетот на општината, со цел жителите да имаат увид во (планираниот) начин за трошење на нивните пари.



Мрежата FISCAST - кратенка за “FISCal Accountability, Sustainability and Transparency”е основана од Finance Think - Институт за економски истражувања и политики, додека логото претставува една куќа што симболизира домаќинско ракување со јавните пари, а трите столбчиња кои растат, симболизираат (потреба од) зголемување на отчетноста, одрживоста и транспарентноста на фискалната политика во Северна Македонија.

Во мрежата членуваат економски експерти, економски новинари и граѓански организации што работат на економски теми.

Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје
+389 2 6156 168,
www.financethink.mk,
info@financethink.mk

*Овој бриф за политиките е подготовен од страна на FISCAST со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на Finance Think и не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски држави.*